Отворам претрес по амандманлот на член 3, раздел 36016, ставка 401, и наставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за, гласале 7 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници и против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманлот на член 3, раздел 36015, ставка 401, и наставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** .

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам "претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за, гласале 11 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници и против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманлот на член 3, раздел 36014, ставка 401, и наставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за, гласале 7 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници и против гласале 44 пратеници.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Присутни се 66 пратеници во салата.

Според тоа резултатот од гласањето важи.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманлот на член 3, раздел 36012, ставка 401, и наставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за, гласале 10 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници и против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманлот на член 3, раздел 36009, ставка 401, и наставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандмано го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, "за" гласале 11 пратеници, "воздржано" гласале 12 пратеници, "против" гласање 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 Раздел 36004, ставка 401 и на ставка 47131, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, "за" гласале 9 пратеници, "воздржано" гласале 15 пратеници, "против" гласале 42 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 360030, ставка 401 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, "за" гласале 10 пратеници, "воздржано"

гласале 30 пратеници, "против" гласале 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 36002, ставка 401 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Господинот Златко Стојменов бара збор.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници, со ова заврши една голема група на амандмани поднесени од пратеничката група на ВМРО-Вистинска, кои се однесуваа на судството и ние се потрудивме да не објаснуваме за секој посебно, бидејќи таква е процедурата и така е правен Буџетот, да мораше за секој посебен суд да се даваат амандмани, затоа се толку многу, меѓутоа, она што сакаме да го кажеме е тоа дека сметаме дека со ваквиот однос на Владата кон своите ветувања и кон она што треба да изгледа сериозност на Владата кон преговорите со поедини структури во државата како што судството, важен сегмент како што се одбраната и полицијата, во функционирањето на правната држава, посебно во овие тешки моменти, сметаме дека Владата требаше доследно да остане на курсот кој го вети во преговорите со овие структури. Поаѓајќи од она што го вети Владата при тие преговори направивме амандмани за покачување на 10% на платите на сите судови, јавните обвинителства и другите судски истанци во државата. Очигледно Владата кога преговара ветува, меѓутоа, или не сака или не може да го исполни своето ветување или гледа од кого доаѓаат, па прави некој политички реваншизам. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, "за" гласале 11 пратеници, "воздржано" гласале 11 пратеници, "против" гласале 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 15020, ставка 443, потставка 443050 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бид9јќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, "за" гласале 12 пратеници, "воздржано" гласале 11 пратеници, "против" гласале 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 150020, ставка 443, потставка 443085 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господино Ѕвонко Мирчески.

**ЅВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван господине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,јас не знам, навистина, зошто е ваквиот однос на Владата спрема вакви чувствителни прашања во овие моменти кога се наоѓа нашата држава и припадниците на безбедносните структури, кои што ги бранат границите, суверенитетот и интегритетот на државата. Ние пред два, три месеци предложивме закон за материјално обезбедување на членовите на семејствата на припадниците на

безбедносните структури, но многу ветувања дека Владата ќе го регулира тоа со посебен закон, кој што го изготвува, досега не вродија со плод. Ние ја користиме оваа можност амандмански да интервенираме во Ребалансот на Буџетот и намераваме овие средства кои ги предвидува Владата со Ребалансот на Буџетот за социјална заштита во ставката 443 потставка 43005, заштита на семејствата, чиј хранител е во војска, изностст од 6.300.000 денари да се замени со износ од 30.000.000, односно скоро пет пати повисоки средства. Овие средства треба да бидат наменети за надомест на фамилиите чии војници и полицајци загинаа или учествуваат во војната. Јас навистина очекувам поголема соработка од страна а министерот за финансии. И, ги молам колегите пратеници, сериозно да ја сфатат оваа проблематика и да ги подржат барем воие амандмани, да покажеме малку солидарност со оние кои не бранат. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници,

Со посебна почит и респект сакам да дадам поддршка кон овој амандман, бидејќи Владата настапи многу неодговорно, симболично додели средства. Нашето барање е, од нашата партија е тие средства да бидат зголемени за пет пати од следните причини:

Прво, треба да имаат приоритет при вработувањето.

Второ, сите што се кандидати на Универзитетот треба да им се овозможи треба да бидат примени, а не со самофинансирање. Кога можевме на малцинствата да им обезбедиме за запишување на Универзитетот, зошто да не им обезбедиме на овие деца чии бранители паднаа и ги дадоа животите за татковината.

Исто така, треба да им се овозможи стипендии и на крај треба да им се овозможат станови, доколку сакаме во иднина секој да застане во првите редови и да си ја брани татковината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави пратеникот Стојменов Златко по втор пат.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас навистина уште еднаш сакам да апелирам до министерот да ја сфати сета сериозност на амандманот. Ние ако треба ќе го повлечеме и ќе го дадеме под фирма на повеќе партии, меѓутоа, еден ваков амандман Владата треба да пријде кон него со Сета сериозност, бидејќи се работи за обештетување, како што рековме на фамилиите на загинатите и на војниците во Армијата, а тие средства ги наоѓаме во другите ставки во Буџетот и затоа не гледаме проблем овој амандман да се прифати. Ако можеа да се прифатат амандмани од локално значеЊе, за што има, секако оправдување, амандмани од вакво општо значеЊе, Не смее да се пријде нихилистички кон нив од страна на Министерството за финансии и Владата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, "за" гласале 25 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 30 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Барам поединечно изјаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да видиме дали има 10 пратеници што го поддржуваат овој предлог

Овој предлог го поддржуваат само 5 пратеници.

Благодарам, овој предлог не се поддржува.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 15020, ставка 443, потставка 443018 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амакдман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, "за" гласале 11 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 15010, програма 11, ставка 401 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали Некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, "за" гласале 10 пратеници, "воздржано" гласале 14 пратеници, "против" гласале 38 пратеници.

Констатирам Дека Собранието Не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 15001, програма 11 ставка 401 и на ставка 731, поднеСен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, "за" гласале 11 пратеници, "воздржано" гласале 12 пратеници, "против" гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 16001, ставка 401 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Многу лесно му е на министерот да каже дека овој амандман не се прифаќа. Нека ги праша од образованието дали на нив им е лесно. Јас верувам дека од сите овде пратеници кои седат знаат што значи образование и сакам да ги видам како ќе гласаат токму за овој амандман. Ако некоја дејност е оштетена во нашата држава, тоа е точно образованието. Образованието е оштетено уште со идењето на СДСМ на власт. Потоа, сакајќи да ја исправи неправдата господинот премиер Љупчо Георгиевски вети за време на предизборната кампања дека ќе бидат обештетени сите оние кои одат во образование со продажбата на "Телеком". За жал, сеуште се молчи. Образованието 10 години веќе личните доходи се замрзнати. Дете табула раза учи учител треба да го научи да пишува и да смета и да стане интелектуалец. За жал, тој тоа го прави само за 250 германски марки. И покрај сето тоа вие многу ладнокрвно се смеете и притискате на црвеното копче. Не постои земја во светот која не инвестира во образованието. Нема висока технологија без образование. Незнам дали треба уште нешто повеќе да кажам дека треба да притиснете дека бараме 10% да се подигнат личните доходи на образованието. Свесни сме дека државата е во многу тешка состојба, но мора да сфатите дека образованието е доведено до најнисок степен на опстанок. Луѓето не можат да се прехранат, а не за некој повисок стандард. И, уште би додал дека образованието работи во руинирани објекти. ма Универзитети кои немаат ни амфитеатри. Исто така, би додал дека во образованието кабинетите се празни, или нагледните средства од пред 20 или 30 години. Некој мора да се загрижи и затоа барам поддршка сега да го пристиснете зеленото копче. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, "за" гласале 20 пратеници, "воздржано" гласале 14 пратеници, "против" гласале 31 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 09003, ставка 401 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, "за" гласале 10 пратеници, "воздржано" гласале 13 пратеници, "против" гласале 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002, на дел од проекти, на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање нов проект 017-а, поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, "за" гласале 10 пратеници, "воздржано" гласале 14 пратеници, "против" гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, Раздел 09004, ставка 444, потставка 444057 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници значаен е фактот дека нашата земја се наоѓа во едни тешки услови, кога заради тие истите услови е отежнат пласманот и откупот на земјоделските производи, поради што предлагаме во потстапката 444057 за стратегис ки резерви износот од 543706 илјади да се замени со износот од 1.153.706.000 денари, заради тоа што во услови во ваква ситуација во која што се наоѓа нашата држава кога економските штети се огромни треба да се обезбедат средства за откуп на земјоделските производи во износ од 600 милиони денари.

Јас почитувани пратеници очекувам дека нашите земјодекци треба да им помогнеме и предлагам да го поддржите овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеника од кои за гласале 14 пратеника, воздржано гласале 10 и 38 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09002 ставка 441 и потстафка 443182 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманмот не се прифаќа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата нас навистина не ни беше јасно зошто се овие трошоци во

овој раздел, што ги предвидува Владата - Трошоци за бегалци од други држави во износ од 287 милиони. Навистина според сите податоци во државата нема бегалци од други држави а Владата овие средства ги предвидува за оваа намена. Дали се работик за некое недоразбирање, дали се работи за некоја друга ситуација која ние не можеме да ја разбереме, меѓутоа навистина еден амандман во кој се предвидува средства од буџетот за трошоци за бегалци од други држави не може навистина да опстоо во буџетот и ние сметаме дека и самата Влада треба тоа да го увиди, евентуално да го повлече овој износ и да интервенира амандмански. Затоа бараме, пратнеиците од сите пратенички групи да застанат зад тоа дека не треба државата Македонија да издвојува трошоци за бегалци од други држави посебно кога во Република Македонија има огромне број бегалци од државата Македонија во државата Македонија односно она што се случува во западниот дел, во тетовско каде што има етничко чистење на македонците и заради што ќе бидат потребни многу средства од буџетот за да се надоместат штетите и состојбите со оваа состојба. Затоа, навистина не зачудува како Владата го предвидува овој трошок, бегалци од други држави а сеуште нема соодветен финансиски склоп за бегалците кои се протерани на дрзок начин од своите огништа во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Да ви објаснам дека се работи за средства од Европската комисија кои што треба да се искористат за плаќање на парични обврски уште од 1999 година, сега ќе се ликвидираат парите пристигнуваат оваа година. Парите пристигнуваа во неколку транши, имаше договор околу тоа и оваа година пристигнува една транша и компаниите кои што тогаш потрошиле средства за бегалците имаат доставено фактури средствата треба да им се рефундираат и кои што трошоци се констатирани заедно со експертите од ЕУ, со експертите од Министерството за финансии и има меѓу државен договор. Значи, за тоа се работи, не се работи за немкои нови средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеника од кои за гласале 13, воздржано гласале 14, и 39 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 15020 стафка 443 потставка 443093 и на ставка 731 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи нико друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратенмика.

За гласале 12 пратеника, водржано гласале 13 и против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09001 ставка 426 потставка 426075 и на поставка 426130 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Молам преставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Молам да глаѕсаме.

Вкупно гласале 62 пратеника за гласале 9 пратеника, воздржано гласале 15 пратеника и против гласале 38 пратенци.

Констатирам дека Собранието не го прифаќа амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09001 ставка 421 потставка 423033 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Кога земјата крвави, кога бесцелно се потрошија скоро 420 мили-они марки, за оваа бесцелна војна, кога граѓаните немаат крај со крај да врзат а Министерството си дозволува за печатење да одвојува големи суми на средства. Доволно ќе биде само податокот што ке го кажам затоа што и покрај тоа што Министерството немаше разбирање за образованието, и покрај тоа што немаше разбирање за минимално покачување на платите за правосудството си дозволи да печати 80 илјади брошури примероци за трговија со хартија од вредност. Нека чини 4 марки една таква брошура вкупно потрошил 320 илјади марки. Зарем ова не е нонсенз од негова страна. Ова повеќе ми личи на перење на пари отколку на потреба во овие моменти нешто да се печати, кога нема ра збирање за минимални средства на дејности кои се неопходни на државата.

Сметам дека пратениците барем сега ќе најдат разбирање, бидејќи министерот навистина средства не дава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарма.

Бидјеќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника. За гласале 17 воздржано гласале

12 и против гласале 37 пратеници.

Констатирам дека Собрнаието не го усови амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09001 ставка 468 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник .

За гласале 9, воздржано гласале

13 и против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09001 ставка 463 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Златко Стојменот.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитувани колеги, како што знаете, како што обзнани Владата на некоја од нејзините последни седници да заседе став дека сите министерства ќе ги намалат расходите и трошоците во поедини министерства. Сметаме дека ваквиот пример треба да поттикне од Министерството за финансии кое всушност треба да биде контролор на овие прописи и да предложи, да покаже повеќе разбирање за условите во кое се наоѓа државата и состојбата на граѓаните на Република Македонија и за воената состојба.

Затоа амандманите кои претходеа за надомест на надворешни соработници како би ги намалиле, за копирање и печатење сведување на минимум за специјално одржување избришавме бидејќи, и конечно за амандманот за купување на мебел и канцелариска опрма ги сметаме за непотребни во овакви услови. Износот го бришеме што е предмет на овој амандман. Навистина Министерството за финансии барем за овие амандмани требаше да даде пример и да покаже чувство за времето во кое живееме и за тоа како живеат граѓаните на Република Македонија.Во него со опрема за изградби, реставрирање, што не се работи кои треба да се вршат во денешниот момент и одат на конто на расфрлање на Министерствоот за финансии, што не е нормално за богатите западни земји и во мирни услови, а камо ли за една сиромашна држава како што е Република Македонија во овакви услови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеника од кои за 14, воздржани 12, и против гласале 40 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 3 раздел 09002 ставка 462, ставка 463, ставка 465, ставка 466, ставка 467 и на ставка 468 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеника од кои за гласале 8, воздржано гласале 13 и против гласале 38 пратеника.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата, затоа што ќе мора да го повториме гласањето.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратнеици во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата.)

Молам да гласаме.

Мораме да го повториме гласањето, бидејќи го извршивме по нерегуларни услови и затоа тоа гласање не е важечко.

Молам да го повториме гласањето.

Вкупно гласале 62 пратеника од кои за гласале 9, воздржано гласале 12 и 41 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието не го усови амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12101 ставка 426 потставка 426024 и на стапка 431 поднесен од пратеникот Ненад Ристоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидјеќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои за гласале 9, воздржано гласале 13 и 43 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002, на делот Министерство за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а поднесен од пратениците Илија Пенов и Павле Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЛИЈА ПЕНОВ:**

Почитуван министер, почитувани пратеници со овој амандман предлагаме дел од средствата од продажбата на телекомот да се пренаменат за реконструкција на градската водоводна мрежа во Кавадарци. Ова го предлагаме од причини што во Кавадарци има многу застарена водоводна мрежа која на некои делови од градот надминува и 50 години старост, со профили на цевките кои што не ја задоволуваат својата пропустливост. Од тие причини се јавуваат голем број на дефекти на мрежата и зголемени загуби на водата кои што достигнуваат и до 50% од вкупната количина. Со реализацијата на овој проект ќе се намали недостигот на вода и ќе се подобри водоснабдувањето во Кавадарци, како и во соседните општини, бидјеќи преку од регионалниот водоводен систем "Лукар" покрај Кавадарци со вода се снабдуваат и граѓаните од соседните општини Росоман, Конопиште и Неготино. Мислам дека држи овој амандман и ги замолувам пратениците да го поддржат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидјеќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Молам, гласајте за да немаме проблеми во постапката.

Гласаа вкупно 62 пратнеици.

За гласаа 21 пратеник, воздржано гласаа 13 пратеници и против гласаа 23 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усови амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амаднманот на Раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-6, поднесен од пратениците Мухамед Таири и Јонуз Абдулаи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амаднманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласаа вкупно 60 пратеници од тоа 4 пратеници гласаа за, 9 пратеници гласаа воздржано и против гласаа 47 пратеници.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни во салата, не можеме да го огласиме овој резултат.

Во салата има 48 пратеници.

Нема доволно пратеници, молам пратениците да влезат во салата да привршиме со работата. Не важи ова гласање.

Молам пратениците да влезат во салата, ајде уште малку да завршиме со оваа задача. Нема уште многу амандмани. Има уште 2 0 амандмани а да седеа тука досега ќе имавме уште 10 амандмани поминато. Пратениците брзо нека влезат во салата, повикајте ги да не се собираме уште еднаш за иста работа.

Ве потсетив дека парите треба уште утре да бидат во функција. Не смееме да ги држиме вака.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 67 од кои 6 за, воздржани 10 и против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја за менување на насловот на проектот 101, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амаднман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги ова се средства кои државата ги двои, како што знаеме, од продажбата на Телеком за решавање на некои локални проблеми согласно нашиот Устав и нашите закони се надлежност на локалната самоуправа, а не на ова Собрание.

Ситуацијата во која сега се наоѓаме е дека Владата решила средствата од Телекомот во најголем дел да ги потроши за намени за кои обично средства се двојат од општиниата заради карактерот на проблемите за кои се решила да ги решава.

Во овој случај се работи за проекти за водоснабдување и проекти за изградба на канализација примарна и секундарна во населени места.

Овој амандман всушност не е амандман со кој се бараат повеќе или помалку средства од оние кои Владата ги поднела за таквите намени, всушност само се бара намените на тие средства да се пренасочат и да бидам искрен ќе кажам дека овој амандман не е инспириран од мене, туку од волјата на градоначалникот и на советниците во општина Кисела Вода кои во консултација со мене се решивме да го поднесеме затоа што тие ценат, а тие се надлежни за проектите за водоснабдување и канализација како локални проблеми дека намената на овие средства би била подобра за едното отколку за другото во истото населено место и нема никаква промена ниту на средствата ниту на населеното место, па со оглед на тоа мислам дека би било фер да се прифатат овие амандмани затоа што токму оние кои се задолжени со Уставот, а тоа се локалните органи градоначалникот и локалната самоуправа сметаат дека порационално би се трошеле во исто населено место само со поинаква намена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амаднманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 65 пратеници, од кои 22 за, 8 воздржано и против 35 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амаднманот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот за Министерството за локална самоуправа за менување на насловот на проектот 141, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека се работи за истиот проблем, нема разбирање од страна на Министерството и пратениците, меѓутоа јас би сакал повторно да побарам поддршка од пратениците.

Сосема е јасно дека се двојат пари за Горно и Долно Лисиче во делот на изградба на инфраструктурата во Лисиче, Министерството цени дека тие средства треба да одат за секундарна канализација, но во консултација со локалните власти во општината Кисела Вода го поднесувам амаднманот наместо за секундарна канализација тие средства да се наменат за фекална канализација и тоа примарна и секундарна мрежа.

Значи, тоа е промената за да можат поефективно да се искористат, претпоставувам дека луѓето кои се бават со тоа како надлежни за општината евентуално подобро од нас ги знаат проблемите кои треба да се решат и затоа повторно апелирам да се прифати овој амаднман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претерсот по амандамнот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме сите за да немаме проблеми при утврдувањето на резултатот.

Гласаа вкупно 66 пратеници од кои 22 за, воздржано 8 пратеници а против гласаа 36 пратнеици.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, поднесен од пратениците Тито Петковски,Никола Поповски и Љубомир Поповски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Никола Поповски бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, овој амандман е поднесен за одвојување на средства кои,имајќи предвид со какви средства се занимаваме во делот на ребалансот на средствата од Телеком, се работи за износ од 500.000 ДЕМ, средства кои од Телекомот треба да се одвојат со цел во Скопје на долг рок да се реши или во перспектива еден проблем кој , произлегува од снабдувањето со вода за пиење.

Имено, знаеме дека Скопје е еден од ретките градови каде водата за пиење се користи за техничка вода, па дури и за наводнување на зелените површини, парковите и градот и тоа многу ја поскапува водата од една страна, а од друга страна значително во иднина може да ја редуцира можноста за водоснабдување со вода за пиење на Скопје затоа што е за истата намена.

Овој амандман е поднесен со цел да се овозможи преку изградба на бунари да се полеваат зелените површини со што би се заштедела питката вода од Рашче која сега навистина на чуден начин се користи зата што ја има во изобилие, меѓутоа, совршено е јасно дека во некое идно време ќе стане многу недостапна за сите овие намени и затоа предлагам со овој амандман да се одвојат овие средства кои во иднина ќе ја растоварат водоводната мрежа на Скопје за големи количини на вода која ќе се пренаменува во оние приоритетни цели за кои водоводот всушност постои.

Посебно апелирам до пратениците избрани од поширокото подрачје на градот Скопје да го подджат овој амандман затоа што во основа сериозно ќе ги решава проблемите токму на оние граѓани кои ги избрале нив во единиците каде што се кандидирани  во Градот Скопје и околината.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од кои 19 за, 14 воздржано и против 36 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амаднманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоправа во новиот проек[1] 143-а, став 1 и 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Мухамед Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНД0В:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претерсот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласаа вкупно 68 пратнеици, од кои 9 гласаа за, 12 воздржани и 4 7 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амаднманот на раздел 09002 на делот проекти на делот на Министерството на локална самоуправа и додавање нов проект 143-а поднесен од пратениците Александар Талевски, Васе Манчев, Васил Ефтимов и Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амаднман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот и амаднманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 73 пратеници од кои 15 за, воздржано 20 против гласаа 38 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на делот на проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-б, поднесен од пратениците Биљал Љутфии и Мухамед Таири,

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амаднманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, за гласаа 8 пратеници, воздржано гласаа 17 и против гласаа 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амаднманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за образование и наука за додавање нов проект 058-а по проектот 058 и на проектот 057, поднесен од пратеникот Љупче Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

АМандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амадманот го ставам на гласање.

Гласаа вкупно 72 пратеници од кои за гласаа 15, воздржано 15 и против гласаа 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање нов проект 42-б, поднесен од пратеникот Латиф Пајкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амадманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, за гласаа 8 пратеници, воздржано гласаа 17 и против гласаа 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амаднманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за образование и наука за додавање нов проект 058-а по проектот 058 и на проектот 057, поднесен од пратеникот Љупче Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Гласаа вкупно 72 пратеници од кои за гласаа 15, воздржано 15 и против гласаа 42 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за транспорт и врски за додавање нов проект 42-6, поднесен од пратеникот Латиф Пајкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амаднман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Пајкоски има збор.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине претседателе, господине министре, почитувани пратеници. Искрено се надевав дека Владата ќе го прифати мојот амандман. Особено моите надежи беа поголеми по посетата на министерот за транспор' и врски во регионот на општина Ростуше и кога всушност јавно вети дека ќе се обезбедат средства за решавање на проблемот кој сега сакам да го истакнам.

Имено се работи за едно слечиште кое во подолг период на годината ги отсечува четири населени места од ридско-планински и пограничен регион на општината Ростуше, а тоа значи околу пет илјади жители не се во можност нормално да комуницираат со светот.

Уште нешто да кажам дека ова слечиште всушност ја отсекува една од можеби најважните погранични караули тоа е караулата во селото Битуше која се наоѓа во многу важно стратешко место.

Имено, со овој амаднман јас предлагам 500.000 ДМ да се префрлат од средствата наменети за отворање на пат Гари-Селце инвестиција која чини вкупно околу 2,5 милиони ДМ. Овие 500.000 ДМ да се префрлат за решавање на прва фаза на наведеното слечиште.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ**: (продолжение)

Јас воопшто не сум против да се гради наведениот пат, ако се знае дека се работи за подрачје во кое нема ниту еден жител. Веројатно идејата е добра да се гради овој пат, меѓутоа, во некои други времиња. Ако се земе предвид фактот што на другата страна, таму каде што предлагам да се насочат средствата се работи за загорзување на 5.000 жители и на погранична караула, мислам дека пратениците ќе имаат целосно разбирање, особено заради фактот што всушност барам префрлање на средства во иста општина, наменети за иста општина, само од еден проект на друг проект.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, со оглед на образложението кое е дадено, пратеничката група на СДСМ ќе гласа за овој амандман , со цел да овозможи патниот правец во село Велебрдо, Витуша и Требиште да може да се реализира во висина од 500.000 германски марки.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Би го замолил министерот, меѓутоа, и колегите пратеници секогаш по автоматизам да не одат по предлозите на министерот, односно по една дисцплина без оглед за што станува збор.

Мислам дека 500.000 марки не се големи пари за оваа држава, за луѓето кои живеат во тој крај на кои тоа им е неопходно потребно, пат или дел кој што практично треба да се уреди за да служи не само за тие наши граѓани, туку има и големо безвредносно значење.

Јас би замолил министерот да размисли уште еднаш и да го прифати овој амандман или другите пратеници да гласаат за овој амандм.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласаа 73~пратеници, од кои 41 за, 13 воздржано и 19 против.

Констатирам дека Собранието го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09002 ставка 444 подставка 444111 и на ставка 731, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. ,

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои девет за , воздржано 13 и против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти за додавање нов проект 091-а по проектот 091 и на делот на Министерството за локална самоуправа на проектот 123, поднесен од пратеникот Александар Трпески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Ве молам, гласајте сите, да не пребројуваме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои девет за, 19 воздражано и 39 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амндманот на раздел 09002 за бришење на Програмата 13 и за бришење на член 3-а, поднесен од пратреникот Димитар Бузлевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Со овој амандман се исправуваат сите проекти , така тшо тоа е спротивно од онаа позиција што Владата ја има.

Ги молам пратениците да не го пддржуваат амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, Амандманот по својата содржина е доста краток и тој во една реченица пишува да се избрише од позицијата Министерство за финансии, функции да државата, Програмата 13, Телеком, инивестициони проекти со сите ставки и потставки да се избрише.

Овој амандман го поднесов на 18 јули во тек на расправата по предложениот ребалан на Буџетот на РМ за 2001 година. Тогаш проценив дека со оглед на тогаш дадената безбедносна состојба, ако ако се отфрлат сите ставки од расходната страна на Буџетот, кои Владата предлага да се финансираат од средствата собрани од Телекомот постапката за донесување на ребалансот ќе биде поедноставена и дека уште тогаш ќе го донесевме ребалансот и Буџетот, и така донесениот ребаланс ќе беше оперативен.

Деновиве слушнавме дека Министерството има одредени проблеми од таа природа, а и вие г-дине претседателе пред почетокот на расправата на амандманите укажавте на тоа. Ако тогаш беше таква ситуацијата, сега е уште посериозна и сега мислам дека оваа држава има поголеми потреби од оние кои се предвидени да се реализираат претежно во делот на инфраструктурата на самата држава од средствата прибрани од продажбата на Телеком.

Имено, со овој амандман ја предлагам средствата од Телекомот да останат онаму каде што се и Владата на РМ со соодветни програми со кои би го информирала Собранието преку легислативна постапка да ги троши за приоритети кои во ова време се видливи.

Затоа, мислам дека во оваа држава сите ќе се согласат дека ако останеме посиромашни за одредено патче, за одредена водоводна мрежа или Владата ако остане без зграда за Министерството за стопанство не е голема штета, но голема штета би било ако се потрошат парите од тоа, а да не се почувствуваат потребите кои од ден на ден растат, што впрочем Владата го потврдува тоа преку поднесените два

амандмани, со кои предлага зголемување на одредени ставки кои не сакам да ги споменувам во оваа прилика во буџетот во однос на ребалансот. Значи за овој месец оценила и добро е што оценила дека треба да се задоволат со финансиски средства. Сега е време Парламентот да овозможи преку суспендирање на сите програми за патчиња, водоводи згради, мебели, опрема и насочување на средствата за она што е најнеопходно во оваа држава или за чување за потребите кои ќе настанат во оваа држава, затоа што треба да се обнови стопанството, треба да се обнови друга дејност во оваа држава, да се избегне падот на стандардот на населението. Затоа, домаќинскиот однос во оваа прилика треба да го покажеме ние како Парламент, ако веќе нема слух во рамките на Владата.

Јас мислам дека овој амандман ги задоволува потребите на граѓаните во РМ и дека со овој амандман навистина би се суспендирале одредени потреби од локално ниво но вистината е една, дека овие пари во ова време на невреме во РМ повеќе се потребни за други намени, за кои што Владата слободно може да одлучува, одколку за овие за кои предлага ние да одлучиме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само сакам да се приклучам со поддршка кон амандманот на г-динот Бузлевски и мислам дека е прилично сериозен пристап, уште еднаш да нагласам можеби за јавноста дека се работи за дел од средствата од продажбата на телекомот , а не и за другиe извори кои се предвидуваат. Мислам дека таквиот сериозен пристап, а и од принципиелниот став дека средства од Телекомот претежно треба да се користат во развојната функција на Република Македонија, а во случајот со новонастанатите безбедносни состојби во Република Македонија за овој шестмесечен период поприоритетна задача и нема што може да ја замени таа.

Да кажам само уште ова. Јас лично сметам дека добар дел од она што Парламентот денес ако не ја прифати оваа сугестија и не го изгласа овој амаднман или не се прифати од Владата, предлагачот, дека добар дел од проектите што ќе влезат во Буџетот нема да бидат реализирани. За жал, иако овој законодавен дом ќе потврди, затоа што реалната состојба зборува сосема поинаку, ние мора овој проект на ребаланс и на распределба на средствата од Телекомот на тие парични средства да ги усогласиме со реалната состојба и приоритетните потреби, како што нагласи и господинот Димитар Бузлевски. Јас не мислам и не сум оптимиста дека овој амандман ќе биде прифатен, но нека биде забележано и нотирано во стенографските белешки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 25 за, 7 воздржано и 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амаднманот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на проектот 049 на делот на Министерството за транспорт и врски, на проектот 041 на делот на Министерството за финансии, на проектот 007 и на делот Биро за стопански недоволно развиените подрачја на проектот 088, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амаднман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господинот Чедо Петров бара збор.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Овој амандман, почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници е поднесен од мене Чедо Петров и од господинот пратеник Ристо Спанаков.

Интервенцијата во распределбата на средствата од Телекомот со овој предлог ребаланс, предлагаме со овој амаднман издвоените средства од 10 милиони германски марки за повеќенаменскиот проект хидросистем "Злетовица" да се зголеми износот на 15 милиони германски марки. Всушност станува збор за...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам тишина за да го слушнеме госпдинот Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Станува збор за капитален објект кој е од витално значење за источниот регион на Репбулика Македонија тоа е Хидросистемот "Злетовица" кој што проект е во процедура за жал 12 години и конечно сметаме дека во овој период требаше да

отпочне реализацијата на Хидросистемот "Злетовица".

Владата со предлог-ребалансот на буџетот предлага 10 милиони германски марки, нашиот предлог со оглед дека станува збор за капацитет кој што во првата фаза браната, цевководот изнесува 80 милиони долари, предлагаме овој дел од 15 милиони марки да биде во првата фаза, од кои 7,5 милиони германски марки би оделе во првата фаза, а 7,5 милиони марки во втората фаза.

Само да кажам дека со Хидросистемот "Злетовица" ќе се реализираат три намени. Најнапред, со водоснабдувањето со вода за пиење ќе се обезбедат 100.000 жители од општините Пробиштип, Злетово, Штип, Карбинци, Свети Николе, Лозово и Кратово. Исто така, ќе се овозможи 3100 хектари површина да бидфе набавувана, со тоа во последната фаза односно изградбата на хидсроцентралите ќе се овозможи производ ство на 56 милиони коловат часови годишно. Меѓутоа, последната фаза е далеку, со овие 15 милиони германски марки мислам дека ќе обезбедиме отпочнување на реализацијата на овој хидросистем Злетовица, кој е од витално значење за целиот регион од Источна Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитувани колеги пратеници, како што кажа и колегата Чедо Петров, овој хидросистем е од значење за целиот регион, а најголем град таму кој треба да се снабдува со вода од тој хидросистем е градот Штип, во кој водоснабдувањето навистина е прболематично и глобалното решавање на водоснабдувањето го очекуваме со еден ваков проект кој би се реализирал во еден подолг период.

Градот Штип е заинтересиран да се реализира овој проект и очекуваме разбирање од Владата, бидејќи како што кажав пред некој ден кога беше општата расправа, над 20 проекти се вложени во околните градови околу Штип, меѓутоа ниеден проект од градот Штип не е прифатен. Во Програмата од Телеком дури и денес беше одбиен амаднманот за одобрување на средства наменети за вработените во"Македонка" заради трансформацијата во услови на стечај и за акционен план за згрижување на луѓето кои престанаа со блокадите на патиштата заради безедносната ситуација, меѓутоа, нивната ситуација не е помалку актуелна и помалку критична, нивните деца и тие самите се во голем дел од мобилизираните граѓани кои учествуваат во овие немили настани во Република Македонија. Меѓутоа, мојата поддршка сепак е на системот "Злетовица", кој кога би се зголемиле овие средства секако темпото на изградувањето би било побрзо и водоснабдувањето за сите овие општини би било побрзо решено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, се приклучувам кон амандманот на господинот Чедо Петров, затоа што сум пратеник од две општини Лозово и Свети Николе, кои ќе се решат со овој идеен проект. Со овој проект се турка повеќе од 20 години, многу влади поминаа, многу ветија, но до ден денес стои како идејно решение. Се чека целиот проект да се реши во завршна фаза, кој ќе чини околу стотина милиони американски долари. Се очекуваше дека ќе се решава со јапонска помош, но знаеме каква е ситуацијата. Ова е некаде почетно иницијативно започнување на овој проект затоа што секогаш има ќе недостига на пари иако има разбирање кај пратениците и ако го изгласаат амандманот, мислам дека ќе завршат голема работа за овие шест-седум општини.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувани дами и господа пратеници,

Јас сакам да дадам еден скромен придонес, да се приклучам кон барањето на г-динот Петров, бидејки хидросистемот "Злетовица" потребен од следните причини: Спомнат е градот штип, спомнат е и градот Свети Николе, меѓутоа, јас посебно сакам да го спомнам градот Пробиштип, кој не е спомнат, кој за мене е мртов град во овој период и доколу, не му се помогне со овој хидросистем, навистина, овој град нема од што да живее. Рудникот веќе не постои, фабриката за акомулатори исто така, а има голем простор и квалитетно земјиште на кое може да се развие земјоделието. Затоа , сметам деќа покрај водата за пиење , ќе биде потребна и водата за наводнување. Јас се приклучувам кон овој проект за зголемување на овие средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас би сакал да кажам дека Министерството за финансии и Владата на Република Македонија се во завршна фаза со преговорите со Јапонската институција за развој, која што треба да го финансира овој проект и верувам, дека многу брзо целокупниот проект ќе се најде пред Парламентот со заокружена финансиска конструкција.

Апелирам до пратениците да не го прифаќаат овој амандман, бидејки ќе се измешаат многу работи и веројатно, јапонците ќе се повлечат, затоа што ќе имаме многу нови моменти.

Документите се во завршна фаза, јапонците беа во Македонија за преговори и сега, следува некое одобрување на бордот во Јапонија и мислам дека по некој месец, најдоцна , во Парламентот ќе се стави на гласање и ќе имаме исклучително поволен кредит за овој проект.

Јас мислам дека нем апотреба да се прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејки беше кажано дека јапонската Влада беше вклучена во овој проект, јас сакам да потсетам на една ситуација во врсак со овој проект. 1998 година , во првиот дел од мојот мандат , во првите шест месеци на првата седница, за поставување на пратенички прашања, моето пратеничко прашање се однесуваше, токму, на овој хидросистем "Злетовица" и за него добив одговор дека при крај се преговорите со јапонската Влада, која треба да инвестира во овој хидросистем и дека во секој момент се очекува од тие преговори да се дадат средства од јапонската влада.

Колку што јас се сеќавам, одговорто на Владата тогаш беше дека по преговорите со јапонската влада, јапонската влада како услов бараше вложување средства од страна на македонската влада во хидросистемот.

Затоа, сметам дека амандманот треба да се подржи во оваа фаза, односно да се отпочне со изградбата . А потоа, јапонската влада, кога ќе види дека ние сме вложиле одредени средства, ќе види дека ние сериозно работиме на овој проект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Навистина , овој проект за источниот регион на Република Македонија е од.витално значење, со оглед на тоа дека има огромен недостиг на вода, а и таа што ја имаме е од лош квалитет.

Бидејки министерот даде образложение дека хидросистемот "Злетовица" ќе биде подржан од страна на јапонската влада, тоа е точно, бидејки претставниците од јапонската влада беа до почетокот на мај, односно, до почетокот на воените дејствија во Република Макеоднија.

Со оглед на влошената на безбедносна состојба на Република Македонија, претставниците на јапонската влада и на јапонската банка, ја напуштија Република Макеоднија, со ветување дека ќе се вратат кога воените дејствија во Република македонија ќе се смират.

Меѓутоа, не знам, ниту некој од нас може да претпостави кога тоа ќе се случи, а факт е дека Република Македонија треба да има и сопствено учество во изградбата на хидросистемот, а тоа е првата фаза од оние определени 80 милиона долари. Македонската влада, односно Македонија треба да учествува со 25%, а јапонската влада треба да учествува со 75% од средствата.

Овие средства нема да бидат поголеми од 15 милиона марки, кои би се вложиле за хидросистемот "Злетовица", така што, во првата фаза, наместо да бидат 5 милиони марки, да се вложат 7 ипол милиони марки, а во втората фаза да одат останатите 7 ипол милиона марки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг се јавува за збор? (Никој)

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам , да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, за гласаа 18, се воздржале 11 пратеници, а против гласаа 30 пратеници.

Ги молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници .во салата. Јас мислам дека некој не гласал. Замолете ги пратениците кои што се надвор од салата да влезат во салата.

Значи присутни се 59 пратеници. Ги молам пратениците да влезат во салата за да го извршиме гласањето, бидејки со толкав број пратеници гласањето не важи. Ве молам, повикајте ги уште еднаш да влезат пратениците, бидејќи не можеме вака да работиме.

Ве молам , нека седнат пратениците на своите места за да можеме да гласаме.

Ве молам да гласаме. Вклучете го системот за гласање.

Гласаа 62 ратеници, за гласаа 24 пратеника, се воздржале 8 пратеници , а против гласаа 30 пратеници.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја на Проектот 084 , поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

За овој амандман, за кој бараме интервенција, што е поднесен од пратениците Чедо Петров и Ристо Спанаков, каде што се бара интервенција на распределба на средствата во предлог ребалансот на средствата , во делот за изградба на станици за прочистување на водата во Пробиштип во износ од 400 илјади долари, од кои еден милион и 400 илјади долари се договараат преку донации и кредитирање и останува незатворена финансиската конструкција за изградба на прочистителна станица во Пробиштип во износ од милион долари. Висината на предложените средства од еден милион и 500 илјади германски марки, за изградба на филтер станицата во Пробиштип, ќе овозможи , овој град кој што, со децении наназад, освен што има недостаток од вода за пиење, има , исто така доста нечиста вода за пиење.

Затоа, предлагам на колегите пратеници, овој амандман да го подржат, со што, би се овозможило отпочнување односно реализација на овој проект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, за гласаа 17 пратеници, воздржано гласаа 11 пратеници, а против гласаа 33 пратеници.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за транспорт и врски, за додавање нов проект 042-6 по проектот 042 и на проектот 041, поднесен од пратениците Кочо Трајановски и Васил Гаџовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеик Кочо Трајановски.

**КОЧО ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван г-дине министре,почитувани пратеници,

Јас би ве замолил да гласате за овој амандмна од следните причини: Со амандманот се обезбедуваат средства за патот Петровец-Огнанци , во должина од 5 километри. Овој пат повеќе од 10 години е во катастрофална состојба, така што, приградскиот автобус секоја сезона се укинува и со многу молби и петиции , повторно се пушта.

Општината Петровец , која е новоформирана општина, нема средства да го направи или да го санира овој пат, заради што, повеќе од 3 илјади жители од ова населено место , секоја година се соочуваат со овој акутен проблем.

Исто така, сакам да напомнам дека ова село е одалечено само десетина километри од центарот на градот Скопје, има катастрофална инфраструктура и жителите се често приморани пеш да одат до првата автобуска станица, а се работи само за 250 илјади германски марки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг се јавува за збор? (Никој)

Бидејки никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, за гласаа 21 пратеник се воздржаа 13 пратеници, а против гласаа 29 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 , на прегледот проекции на делот на Министерството за локална самоуправа, со додавање нов проект 143-б , по проектот 143-а, на проектот 041, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Васил Гаџовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник.

За гласаа 13 пратеници, се воздржаа 14 пратеници и против гласаа 34 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот од Министерството за образование и наука, за додавање нов проект 056-а и на проектот 007 , поднесен од пратеникот Крале Спанчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставма на галсање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеника, за гласаа 13 пратеника, се воздржаа 11 пратеници, апротив гласаа 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа, за додавање . нов проект 111-а , и на проектот 007, поднесен од пратениците: Васе Манчев, Димитар Батковски и Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, за гласаа 14 пратеници, се воздржаа 20 пратеници, а против гласаа 29 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

отворам претрес по амандманот на раздел 09002, на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа, за додавање нов проект 111 - б и на проектот 007, поднесен од пратениците: Васе Манчев, Димитар Бартковски и Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг, се јавува за збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 60 пратеници, за гласаа 10 пратеници, се воздржаа 20 пратеници и против гласаа 30 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број присутни пратеници во салата.
.

Ги молам пратениците сите да гласаат.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласаа 36 пратеници, водзржано гласаа 15 пратеници, против гласаа 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текс-тот и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Сега имаме само 60 гласови, некој повторно не гласал. Бидејќи сега има 61 пратеник , ќе го повториме гласањето. Молам, претходното гласање нема да важи, да не се пребројуваме, да не утврдуваме и дајте да гласаме уште еднаш.

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, јас имав притиснато на копчето за да кажам како ќе гласа пратеничката група согласно Деловникот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Пратеничката група овој ребаланс го гледа на два начина и од два агла, ѓ-дниот агол е обезбедување на дополнителни средства на приходната страна на буџетот со воведувањето на некои нови даноци и нови приходи во врска со зголемување на позициите на пред се на Министерствата за одбрана и за внатрешни работи и заради нивните зголемени функции во овој период во врска со војната која се води во Република Македонија втор дел е ребалансот на Буџетот кој нема врска со претходното туку кој во основа за кои дискутираме ние два дена со амандмани тоа е ребалансот кој произлегува од идејата на Владата да во овој ребаланс ги стави парите од продажбата на Телеком и да ги распредели пред се за проекти од локална намена.

Пратеничката група на СДСМ со едниот приод се согласува со другиот приод не се согласува. Ние го поддржуваме ребалансот на Буџетот во делот на зголемување на приходите од новите зафаќања и расходите за Министерствата за одбрана и за внатрешни работи, ние не се согласуваме со приодот во овој Буџет да на ваков начин се распределат и во иднина согласно Буџетот потрошат средствата од Телеком, затоа што сосема е јасно дека од тие средства набрзо ќе нема ни трага ни глас, ќе испарат по локални проекти кои никој нема да може да ги увиди и никој нема да може да ги оддржува кога ќе се изградат и во рок од неколку години, како и сите судбини на вакви објекти ке ги снема.

Меѓутоа, работата е таква да двата проекти се концентрирани во еден Буџет. Значи овој Буџет ги концентрира и средстватаза зголемување на даночните зафаќања за одбрана и внатрешни работи и средствата од Телеком, ние во тој случај немаме избор. Сакајќи да гласаме за Буџетот а не сакајќи да гласаме за ребалансот на Буџетот од Телеком, ќе гласаме вкупно со тоа што упатуваме една забелешка дека во овој ребаланс сите средства од Телекомот се на несоодветен начин распределени и ќе се потрудат на несоодветен начин.

Меѓутоа само заради фактот дека овој Буџет ги обезбедува средствата за безбедноста на државата во зголемен обем ќе го гласаме Буџетот "за". Присутни се 63 пратеници. Според тоа , гласањето е валидно. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот. Отворам претрес по амандмнаот на раздел 09002 на преглед проекти на делот на Министерсгвото за локална самоуправа, за додавање нов проект 143-б, поднесен од пратениците: Александар Трпевски и Димитар Батковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот и амандманот го ставма на гласање.

Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ**:(продолжение):

64 пратеници гласаа, за гласаа 11 пратеници, воздржано гласаа 26 пратеници, против гласаа 27 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Министерството за локална самоуправа, за дода-вање нов проект 143-в, поднесен од пратениците Александар Трпевски и Димитар Батковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за гласале 10, воздржано гласале 22 пратеника, против гласале 30 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на раздел 06010 за програма 12, подставка 423114 и на член 2 во билансот на приходите, ставка 7311 и на раздел 05001 програма 12 подставка 423106 и на член 2 во билансот на приходите ставка 7311 и тие се составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Пратениците Жарко Караџоски и Кирил Настески поднесоа амандман на раздел 09002 во прегледот проекти на делот ка Агенцијата за млади и спорт на проектот 059 за менување на колоните 4,5,6,7 и 8 и истиот го повлекоа.

Пратениците Жарко Караџоски и Кирил Настески поднесоа амандман на раздел 09002 во прегледот на проекти на делот на Агенцијата за млади и спорт на проектот 059 за менување на колоните 4,5,6,7 и 8 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Данило Глигоровски поднесе амандман на раздел 09002 во програмата 12 за додавање нова ставка 467 по подставката 46609 и на ставката 462 подставка 462039 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Таки Фити, Михајло Георгиевски, Александар Гештаковски и Никола Поповски поднесоа амандман на раздел 0 900 2 во предлогот на проекти во делот на финансирање на дејностите од областа на културата за додавање нов проект 061-а и на проектот 007, по кои Вла-дата не се произнела.

Пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандман на раздел 09002 во прегледот на проекти во делот на Министерството за локална самоуп-рава за додаваше нов проект 138-а и на проектите 023 и 027 по кои Вла-дата не се произнела.

Пратеникот Љупче Ристески поднесе амандман на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа во проектот 041 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на раздел 09002 на прегледот проекти во делот на финансирање на дејностите од областа на културата за додавање два нови проекти по проектот 061 и на проектот 007 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на разделот 0900 2 во прегле-дот проекти на делот на Агенцијата за млади и спорт на проектот 059 за менување на колоните 4,5,6,7 и 8, поднесен од пратениците Жарко Кара-цоски и Кирил Настески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, за гласале 27 пратеници, воздржано гласале пет пратеници, против гласаа 27 пратеници.

Молам да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

Значи, гласањето не важи, затоа што нема доволен број на

пратеници.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата да гласаат и гласањето да биде важечко.

Молам повикајте ги сите пратеници во салата за да можеме сите да работиме.

Сега имаме 60 пратеници. Ве молам повикајте ги пратениците, за да можеме да работиме.

Молам да гласаме.

68 пратеници гласаа, од тоа за гласаа 43 пратеници, воздржано гласаа пет пратеници , против гласаа 20 пратеници.

Според тоа, констатирам дека овој амандман е усвоен.

Господине министре овој амандман е усвоен.

Работата треба да ја следите, за да не погрешиме, па потоа да се бркаме.

Отворам претрес по амандманот на раздел 0900 2 во програма 12 за додавање нова ставка 467 по подставката 466093 и на ставка 462 подставка 462039, поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Владата на Република Македонија од неодамна започна со изградба на објект, центар за информатика и за информационите екологии, меѓутоа, средставата за изградба на тој објект се недоволни, а сите знаеме дека во нашето општество тие кадри се навистина дефицитарни. Не постои невработен информатичар и било кое присуство на информатика, во било која фирма во Македонија, практично придонесува за развојот на тие фирми и од тие причини е поднесен овој амандман.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гледам, бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратенци, за гласале 9 пратеници, воздржано гласаа 17 пратеници и против гласаа 40 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес на амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти, на делот на финансирање на дејностите од областа на културата за додавање нов проект 061-а и на проектот 007, поднесен од пратениците Таки Фити, Михајло Георгиевски,Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор?

За збор се јави господин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани пратеници, станува збор за минимална сума на пари од 50 илјади германски марки за потребата, за реконструкција на летната сцена во Крушево, што е врзана фактички со научно културните средби "10 дена Крушевска Република". Какво е суштинското значење на овие научнокултурни средби и ако сакате и симболичното значење не треба да се објаснува пред пратениците на овој Парламент затоа, ги молам пратениците да гласаат за овој амандман и мислам дека Крушево тоа го заслужува.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласааа 66 пратеници, за гласаа 35 пратеници, воздржано гласаа 8 пратеници и против гласаа 23 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 во прегледот на проекти во делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 138-а и на проектите 023 и 027, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници, амандманот го поднесувам, затоа што во тоа населено место каде што барам изградба на фекална канализација трае десетина години таквата изградба. Во тоа населено место живеат некаде околу 4000 жители, но тука има и душевна болница со 300 постојано полни легла и имате хотелско-угостителски објект со околу 300 легла во кој што во ова време сега престојуваат некаде околу 180 раселени лица од Тетово и тетовско. Инаку, неопходна е потребата од изградба на оваа фекална канализација, затоа што тоа населено место е ендемско жариште на тифус и на жолтица. Морам да ви кажам дека секоја година, некаде по околу 40-тина деца постојано заболуваат од жолтица. Тоа е огромна бројка, која што перспективно создава инвалиди.

Затоа, ги молам колегите пратеници да имаат разбирање за овој амандман да го гласаат.

Ви благодарам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, за гласаа 29 пратеници, воздржано гласаа 11 и против гласаа 24 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти на делот на Министерството за локална самоуправа во прегледот 041, поднесен од пратеникот Љупче Ристески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

Ова е исправка на една грешка што настана во текот на денешниот ден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот проекти во делот на финансирање на дејности од областа на културата за додавање два нови проекти во проектот 061 и на проектот 007, подне-сен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, се работи за издвојуваше на средства од продажбата на "Телеком" за реконструкција на два објекти и тоа многу важни споменици на културата и за културно историското минато на Македонија. Пред се, се работи за куќата на Христо Татарчев или споменикот на Илинден, кој е во катастрофална положба и за Домот на културата, кој е од делот наречен Сарај. Би сакал да истакнам дека проектите, техничките проекти за овие два културно историски споменици се завршени и во Буџетот на Република Македонија се определи одреден износ на средства, но тие средства се во недоволен износ за започнување на реконструкцијата, особено за куќата на Христо Татарчев и Музејот на Илинден, бидејќи таму треба да се решат имотно-правните односи и подолг период, од 20 или 30 години, затоа не може да се започне со реконструкција на овој важен културно историски споменик. За важноста, за историјата на Република Македонија не би зборувал, но затоа пак би апелирал до пратениците да го поддржат овој амандман, да го дадат својот глас, со тоа што сигурно ќе придонесеме за зачувување на културно историското минато на Република Македонија. А, особено повеќе, врз основа на овие средства, врз основа на критериумите за распределба можат да се добијат и донаторски средства, особено од одредени влади на други држави и да се овозможи кофинансирање.

Затоа, ги молам пратениците, тргнувајќи од своето лично убедување да дадат поддршка на овој амандман.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам вкучете го системот на гласање.

Да гласаме сега.

Гласале вкупно 68 пратеници, за гласале 59, воздржано гласале 1 пратеник, против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието ги донесе измените и дополнувањето на Буџетот за Република Македонија за 2001 година.

Минуваме на четврта точка.

Предлог на закон за дополнување на законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Предлогот на законот и извештаите на Законодавната прав-ната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратенккот Горанчо Трајков поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот за менување на член 1 и додавање нов член 1-а по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Вадата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам реетрес по амандманот за изменување на член 1, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратнеици, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Сега ние ќе завршиме.

Ќе продолжиме во среда во 11,00 часот

Во среда, на 29 август, во 11,00 часот ќе продолжиме со 79-тата седница на Собранието - утврдување на оние закони кои мора да обезбедат да се спроведе Буџетот, а потоа ке ги разгледаме и оние точки што останаа од 78-та седница на Собранието.

Утре е голем празник на верниците што припагаат на православната вероисповест, кој им го честитам на сите.

(Седницата прекина во 20,30 часот).